Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 342-0306
27.08 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 август 2019 година, врз основа на примена жалба од Марина Костова ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот Репортер, со текстот насловен „(Фото) Катица ко надуена гајба во бикини шета во Ханиоти" го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 5 август 2019 година, Марина Костова поднесе жалба за текстот насловен „(Фото) Катица ко надуена гајба во бикини шета во Ханиоти", објавен на 5 август 2019 година, на Интернет – порталот Репортер (www.reporter.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, дискриминација, нерамноправност меѓу половите и непочитување на личната приватност, пристрасност во информирањето, како и неточно и нефер известување и навреда...

Жалителот, меѓу другото, потенцира дека првичниот, оригинален, наслов на текстот бил „(Фото): Катица ко надуена гајда во бикини шета во Ханиоти", по што на социјалните мрежи следувале реакции и осуди за таквата конструкција, а потоа насловот бил сменет во „(Фото) Твитер: Катица ко надуена гајда во бикини шета во Ханиоти".

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет – порталот Репортер и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од Репортер одговорија дека тие немале намера да дискриминираат, да известуваат неточно и нефер, да навредуваат и да нарушуваат нечија приватност, зашто, како што потенцираат, нивниот медиум бил забавен сајт.

*„Целта на содржините што ги објавуваме е да ја забавуваме публиката, а овој пат пренесовме коментари од „Твитер", кои не се редакциски став*", велат од Интернет порталот во однос на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 август 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Комисијата, најнапред, утврди дека, иако субјект на содржината е високопозиционирана јавна личност, во случајов, специјалната јавна обвинителка, Катица Јанева, текстот е од незначителен јавен интерес. Целиот новинарски производ се сведува на наслов со навредлива содржина, две фотографии од обвинителката и две реченици, од кои едната содржи информација за одморот на јавната обвинителка, а другата реакции на граѓаните на социјалните мрежи поврзани со одморот на Јанева.

Комисијата, меѓу другото, заклучи и дека интернет - порталот Репортер објавил две верзии на текстот. Прво, текст со наслов „(Фото) Катица ко надуена гајба во бикини шета во Ханиоти", а потоа текст со делумно сменета содржина и со друг наслов „(Фото) **Твитер**: Катица ко надуена гајба во бикини шета во Ханиоти". Членовите на Комисијата констатираа дека двата наслови се разликуваат еден од друг, пред сѐ, од аспект на изворот на информацијата. Во првиот случај (без извор) се добива впечаток дека оспорената содржина е став на медиумот, а во вториот дека ставот е базиран на реакции на граѓани, преземени од социјалните мрежи, што ја намалува, но не ја отстранува одговорноста на авторот. Медиумите се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност.

Комисијата, во продолжение, се согласи дека работата на функционерите е легитимна новинарска цел, а новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, но и дека медиумите не смеат да ги надминат границите на слобода на изразување. Во случајов, во насловот на интернет - порталот Репортер Комисијата препозна дискриминација, прекршување што е содржано во **членот 10** од Кодексот на новинарите. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток, физички изглед итн.

На крајот, Комисијата заклучи дека и покрај тоа што интернет порталот Репортер е медиум кој, пред сѐ, е фокусиран на забавни теми и содржини тоа не може да го амнестира од одговорност. Во однос на останатите наводи на жалителот, Комисијата не најде отстапки во овој дел. Ваквиот став, членовите на Комисијата го базираат на членот 3 од Декларацијата за слобода на политичката расправа во медиумите, според кој, јавните функционери и јавните институции прифатиле да бидат предмет на јавна политичка расправа, па со тоа подлежат на постојан јавен надзор и потенцијално жестока и силна јавна критика преку медиумите во однос на начинот на кој ја извршувале или ја извршуваат својата функција.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Комисијата, при своето одлучување, ја зеде предвид и:

***Член 5, точка 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

„Дискриминаторско однесување и постапување е секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилегирање или деприивилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи;

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите** (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

На седницата на 16 август 2019 година, членот на Комисијата, Мери Јордановска, беше изземена од расправата за случајот, во согласност до член 11 од Правилникот за работа поради судир на интереси, а со цел да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делигитимирање на одлуката на Комисијата.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот Репортер (www.reporter.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595